РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС

| Примено: 10 -12- 2024 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. | | Прилог | Вредност |
| 26 - 49/24 | | 1 | |

**До: Општина Велес**
**- за службено лице за слободен пристап до информации од јавен карактер или**
**- лице задолжено за односи со јавноста**

**Предмет: Барање на податоци и информации**

Почитувани,
[redacted] проведува истражување за зоните со класа Г1 тешка индустрија во општините во Вардарскиот регион. Оваа барање е во согласност со член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на РСМ број 101/2019), за кој ги бараме следните податоци и информации:

1. Дали во урбанистичките планови и урбанистичко- планските документации на територијата на вашата општина има предвидено намена на земјиште со класа Г 1 тешка индустрија ?

2. Доколку во прашање 1 одговорот е да, според урбанистичките планови и урбанистичко-плански документации во вашата општина:
- колку имате Г 1 индустриски зони - тешка индустрија ?
- на кои локации во општината се наоѓаат ?
- за секоја од Г 1 индустриските зони колку површина опфаќат ?
- која година се донесени урбанистичките планови и урбанистичко- плански документации за Г 1 зоните во вашата општина?
- дали планирате или во тек е постапка во урбанистичките планови да предвидете Г1 зона?

3. Доколку во прашање 1 одговорот е да, во однос на индустриски капацитети:
- дали веќе има изградено капацитети со објекти за тешка индустрија и дали тие работат ?
- назив на фирмите со тешка индустрија, што работат во тие зони и од која година се почнати да работат како индустриски капацитети ?

4. Дали во периодот од ноември 2021 до декември 2024 година Министерството за животна средина и просторно планирање има побарано мислење од вашата општина по однос на намера инвеститор да гради во Г1 индустриска зона:
- доколку има, што е одговорено од ваша страна како општина и од кој датум е одговорот?
- за каков индустриски капацитет, која дејност и што би работел?

Одговорите на прашањата бараме да бидат во форма на пишан текст на [redacted] може дополнително да се договориме одговорите на прашањата за одат и со снимање во видео или аудио формат, преку вашето одговорно лице за односи со јавноста.
Ви благодариме за соработката и би Ви биле благодарни да ги добиеме одговорите во пократок рок.

Лица за контакт:
[redacted]

13.12.2024 година

Со почит,
[redacted]